**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02), член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/19 и 14/20), член 21 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05.....120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19), член 11 од Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19), и Правилникот за критериумите за селекција на кандидати за вработување во Територијалната противпожарна единица Гевгелија број 01-1790/1 од 30.11.2018 год., а во врска со јавен оглас број 04-358/1 објавен на ден 12.2.2020 год., Градоначалникот на општина Гевгелија донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на кандидат за Пожарникар спасител**
**во ТППЕ Гевгелија**

1. По спроведената постапка за вработување, согласно Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за пожарникарството, Законот за работните односи и Правилникот за критериумите за селекција на кандидати за вработување во Територијалната противпожарна единица Гевгелија, за работно место Пожарникар спасител – 1 (еден) извршител, по објавениот јавен оглас во дневниот печат на ден 12.2.2020 година, е избиран кандидатот:

- Иван Караѓорѓев, со адреса на живеење на ул. „Леонид Јанков“ бр.27 од Гевгелија, со освоени 37,40 бода;

2. Со кандидатот од точка 1 на ова Решение ќе се склучи договор за вработување на неопределено време.

3. Кандидатот ќе се вработи во Територијалната противпожарна единица при Општина Гевгелија, на работно место Пожарникар спасител;

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 12.2.2020 година, Градоначалникот на општина Гевгелија објави јавен оглас број 04-358/1 од 11.2.2020 година, согласно Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр. 01-2216/1 од 03.10.2015 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија бр.01-730/1 од 23.04.2018 и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија Бр.01-1576/1 од 26.10.2018 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија Бр.01-187/1 од 24.1.2019 година и Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на општина Гевгелија Бр.01-485/1 од 25.2.2020 година, и тоа за работно место – Пожарникар спасител, 1 (еден) извршител. Огласот беше објавен во дневните весници „Слободен печат“ и „Лајм“ и на web страната на општина Гевгелија, во траење од 5 (пет) дена.

Со Решение бр. 04-358/3 од 11.2.2020 година, од страна на Градоначалникот на општина Гевгелија формирана е Комисијата за селекција на кандидат по јавен оглас за прием

на работник пожарникар спасител, за проверка на пријавите и веродостојност на доказите, проверка на физичката способност на кандидатите и спроведување на интервју со кандидатите. На ден 28.9.2020 година Комисијата изготви Записник со финална ранг листа бр.04-358/11 и предлог-одлука за избор, со кој е констатирано кој кандидат ги исполнува бараните услови предвидени во јавниот оглас.

Изборот на кандидатот со кој ќе се склучи договор за вработување е извршен во согласност со актите и приложената документација од пријавените кандидати од која е утврдено дека избраниот кандидат во целост ги исполнува бараните услови.

Согласно член 11 став (9) од Законот за пожарникарството „Селекцијата на кандидатите се врши врз основа на јасни и транспарентни критериуми, пропишани од градоначалникот на единицата на локалната самоуправа", и член 21 од Законот за работните односи „Работодавачот има право на слободно одлучување со кој кандидат, кој ги исполнува пропишаните договорени, односно од работодавачот бараните услови за вршење на работата (во натамошниот текст: услови за вршење на работата), почитувајќи ги законските забрани, ќе склучи договор за вработување".

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**Упатство за правно средство:** Против ова Решение кандидатот има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Бр.04-358/13
29.9.2020 година
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
м-р Сашо Поцков

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНАТА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Изработил, Весна Хаџикојчева

Доставено до:
-Кандидатот,
-АВРСМ,
-Одд. за човечки ресурси,
-Архива.